Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 72, 10 декември 2011 година

декември 2011 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за научните области електронски компоненти и интегрирана електроника на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународни економски односи и меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научна област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис за учебник „Методика на наставата по книжевност-литературното дело и рецепиентот” од проф. д-р Виолета Димова, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Е-бизнис“ (учебник) од авторот проф. д-р Ристе Темјановски од Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на книгата „Трансфузиски трансмисивни заболувања” од авторите д-р Никола Камчев и д-р Милка Камчева од Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 28

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на програмирање“ од авторот д-р Владо Гичев од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 34

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 38

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА ПРОГРАМИРАЊЕ“ ОД АВТОРОТ Д-Р ВЛАДО ГИЧЕВ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука број 2002-89/6 од 6 јули 2011 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, определени сме за рецензенти на учебникот „**Основи на програмирање**“ од авторот **професор д-р Владо Гичев**.

По разгледувањето на ракописот го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Доставениот ракопис целосно ја покрива Наставната програма по предметот Основи на програмирање на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“. Ракописот овозможува запознавање на студентите со основните принципи на програмирање во програмскиот јазик C++ и обезбедува солидна основа за совладување на предметната програма.

Материјалот се изложува прегледно и концизно, што овозможува лесно усвојување и разбирање од страна на студентите. Теоретските концепти се поткрепени со примери на програми во C++.

Текстот содржи 163 страници групирани во 13 глави: програмирање и решавање на проблеми, синтакса и семантика на C++ и процес на програмски развој, нумерички типови, изрази и output, програмски input, услови, логички изрази и контролна структура селекција, циклус, функции, домен и животен век на функции, дополнителни контролни структури, прости типови на податоци, структурирани типови на податоци, низи и поинтери, динамички податоци и референцни типови.

Текстот започнува со основните фази во програмирање, дефинирање на концептите информација, податок и програмски јазик. Во втората глава се опишува синтаксата и семантиката на програмскиот јазик C++ и принципите на конструкција на програми. Текстот продолжува со преглед на типови на податоци, конверзија на типовите на податоци, видови на оператори, повикување на функции и библиотечни функции. Се разгледуваат функциите за работа со влезните и излезните текови и работа со датотеки. Во петтата глава се претставени логичките и релационите оператори, условната наредба и контролата на текот на програмата. Во шестата глава се презентираат наредбите за креирање на циклуси. Посебни поглавја се посветени на функционална декомпозиција на програмата, како и на доменот и животниот век на функциите. Во деветтата глава се разгледуваат дополнителни контролни структури (switch, do while, for). Понатаму се разгледуваат вградени и кориснички дефинирани типови на податоци. Дванаесеттата глава е посветено на структурирани типови на податоци, начин на нивно користење и пристапување до елементите. Во дванаесеттата глава се разгледуваат еднодимензионални и повеќедимензионални полиња, нивно декларирање, иницијализација, обработка, како и предавање како аргументи на функции. Во последната глава се опишува работа со поинтери и референци, како и динамички типови на податоци, функции за резервирање и ослободување на меморија.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите на Факултетот за информатика и овозможува запознавање со принципите на програмирањето и воведување на основните поими од програмскиот јазик C++. Дадени се и поголем број на програми кои овозможуваат подобро да се разберат одредени теоретски дефинирани концепти.

**З А К Л У Ч О К**

Имајќи го предвид изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „Основи на програмирање" од авторот д-р Владо Гичев да го прифати како учебник по истоимениот предмет.**

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Д-р Цвета Мартиновска, вон. проф., с.р.**
**Д-р Јордан Живановиќ, вон. проф., с.р.**